Врз основа на член 17 став 7 од Закон за вработените во јавниот сектор(„Службен весник на Република Македонија бр.27/2014,199/2014,27/2016,35/2018 и 198/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија бр.143 /19),член 50 став 1 точка 12 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 43 став 1 алинеја 7 од Статутот на општина Босилово („Службен гласник на општина Босилово бр.21/14) Градоначалникот на општина Босилово донесе,

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување на Правилникот за систематизација на работни места на општинска администрација на општина Босилово**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена на Правилникот за систематизација на работни места на општинска администрација Босилово бр.03-172/1 од 26.01.2017 година,Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинска администарција бр.03-794/1 од 20.03.2018 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинска администарција бр.04-907/1 од 30.05.2019 година.

**Член 2**

Во Глава II .Распоред и опис на работните места на административните службеници членовите 9-а и 9-б се менуваат и гласат:

„Член 9-а

Посебни услови утврдени со Законот за инспекциски надзор за инспектор од категоријата Б, ниво Б4 се :

1) Стручни квалификации за сите нивоа од категоријата Б – ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII /1 степен;
2) Работно искуство и тоа:

- Б4 - најмалку четири години работно искуство по дипломирањето , од кои најмалку една година како инспектор ;

3) Општи работни компетенции за сите нивоа согласно со Рамката на општи работни компетенции;
4) посебни работни компетенции за сите нивоа:
   - активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Член 9-б

Посебни услови утврдени со Законот за инспекциски надзор за инспектор од категоријата В, нивоа В1 се :

1) стручни квалификации и тоа:

– ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
2) работно искуство и тоа:
- В1 – најмалку три години работно искуство по дипломирањето,
3) општи работни компетенции за сите нивоа согласно со Рамката на општи работни компетенции;
4) посебни работни компетенции за сите нивоа:
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

**Член3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се применува по добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Арх.бр.______________**
**_________2020 година**

**ОПШТИНА БОСИЛОВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**ЗОРАН ЗИМБАКОВ**